Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18-494/3 18-02-2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Група советници на Национална Алијанса за интеграција во советот на општина Шуто Оризари, поднесено на 28.01.2026 година по електронска пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од Група советници на Национална Алијанса за интеграција во советот на општина Шуто Оризари, **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на Група советници на Национална Алијанса за интеграција во советот на општина Шуто Оризари е доставено Барање во електронска форма. Со барањето од Министерството за локална самоуправа се бара:

-" Како советници во Советот на Општина Шуто Оризари, имаме законско право на пристап до финансиската документација. Општината не постапи по барањето во законски рок. Бараме Министерството да наложи постапување согласно закон. "

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма, и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

По поднесеното барање, Министерството за локална самоуправа, го доставува следниот одговор:

-Министерството за локална самоуправа не располага со информациите кои што од ваша страна, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се побарани од општина Шуто Оризари:

1. „Сите проекти реализирани од општината, со финансиски извештаи и наплата од донатори/државни фондови.
2. Сите набавки и фактури, вклучително услуги и договори преку посредници/агенции.
3. Сите плати на вработени, директни и преку агенции, со износ и период на исплата.
4. Сите налози на плаќање и банкарски извештаи.
5. Сите дополнителни документи кои ја потврдуваат намената и потрошувањето на средствата."

**-Со оглед на горенаведеното, Министерството за локална самоуправа, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, вашето Барање го препраќа до имателот на информацијата, општина Шуто Оризари.**

-Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за локалната самоуправа, **не постои законски основ** Министерството за локална самоуправа да и наложи на општина Шуто Оризари да одговори на вашето Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Општина Шуто Оризари е посебен правен субјект, евидентиран во Агенцијата **за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, како имател на информации од јавен карактер.**

-Согласно член 20 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ако имателот на информациите, во конкретниот случај општина Шуто Оризари, не одговорил на вашето Барање во законскиот рок од 20 дена, се смета дека Барањето е одбиено и како Барател на информаци имате право во рок од 15 дена да поднесете **Жалба директно до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.**

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението. Решено во Министерството за локална самоуправа на ден 06.08.2025 година

МИНИСТЕР
**М-р Златко Перински**

Службено лице:
М-р Ели Чакар

Одобрил:
Моника Митровски